**Република Северна Македонија**
**Општина Долнени**

**Локална самоуправа**

**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**Komuna e Dollnenit**
**Vetëqeverisja Lokale**

Врз основа на член 39 став 1 алинеја 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) а согласно член 23 став 2 од Статутотна општина Долнени („Службен гласник на општина Долнени“ бр.10/19) членовите на Советот на општина Долнени го донесоа следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Ја свикувам 18 (осумнаесеттата) седница на Советот на општина Долнени на ден 28.12.2022 год. во 12:00 часот која ќе се одржи во општина Долнени – Сала за состаноци во Подрачни канцеларии Ропотово, со следниот :

Д н е в е н р е д

20. Усвојување на Записникот од Седумнаесеттата седница на Советот на општина Долнени.
21. Буџетски календар за 2023 година.
22. Предлог Буџет за 2023 година.
23. Одлука за усвојување на буџетот за 2023 година.
24. Одлука за извршување на буџетот за 2023 година.
25. Одлука за давање на Согласност за финансирање на проект за млади во општина Долнени.
26. Разно.

Претседател на Советотна
општина Долнени - Долнени

Хусеин Хасановиќ

# З А П И С Н И К

Од одржаната 19 (деветнаесеттата) седница на Советот на општина Долнени на ден 28.12.2022 година во салата за состаноци во Подрачните канцеларии во Ропотово општина Долнени во 12:00 часот. На кој присуствуваа 15-членови и тоа: Виктор Переско, Дејан Змејкоски, Ангела Јаковлеска, Елмедин Фазлиќ, Изет Сулејманоски, Мајран Алампиески, Нади Садикоски, Сеад Колашинац, Онур Имероски, Рахим Адемоски, Хусеин Хасановиќ, Шенај Зера Ќамилоска, Назим Адемоски и Ахмедин Рамовиќ и Линдита Сулејманоска. Од страна на Претседателот на Советот Хусеин Хасановиќ беше предложен следниот:

Д н е в е н   р е д

1. Усвојување на Записникот од Седумнаесеттата седница на Советот на општина Долнени.
2. Буџетски календар за 2023 година.
3. Предлог Буџет за 2023 година.
4. Одлука за усвојување на буџетот за 2023 година.
5. Одлука за извршување на буџетот за 2023 година.
6. Одлука за давање на Согласност за финансирање на проект за млади во општина Долнени.
7. Разно.

По читањето на дневниот ред претседателот на советот предложи да се надополни дневниот ред со уште една точка и тоа Одлука за давање ба Согласнсот за финансирање на проект за млади во општина Долнени. Вака предвиден дневен ред со дополнување беше ставен на гласање од кој сите советника гласаа ЗА.

1.По однос на првата точка од дневниот ред без никаква дискусија и забелешкаод страна на советниците претседателот точката ја стави на гласање од кој сите 15 советника гласаа ЗА.
2. По однос на втората точка од дневниот ред без никаква дискусија и забелешка од страна на советниците. Претседателот на советот точката ја стави на гласање од кој едногласно сите 15 советника гласаа ЗА.
3. По однос на третата точка од дневниот ред претседателот на комисијата за Буџет и финансирање Изет Сулејманоски го престави претходно направениот записник со финансии за предлог на Буџетот за 2023 година. Претседателот на советот предвидениот Буџет за 2023 година го стави на гласање од кој едногласно сите 15 советника гласаа ЗА.
4. По однос на четвртата точка од дневниот ред без никаква дискусија и забелешка од страна на советниците. Претседателот на советот точката ја стави на гласање од кој едногласно сите 15 советника гласаа ЗА.

5. По однос на четвртата точка од дневниот ред без никаква дискусија и забелешка од страна на советниците. Претседателот на советот точката ја стави на гласање од кој едногласно сите 15 советника гласаа ЗА.
6. По однос на шестата точка од дневниот ред збор зеде претставникот на администрација Ајше Муамероска Топалоска која образложи за што станува збор и нагласи дека проектот е завршен и со согласност од младинска организација „Хуманост кон младите“ проектот е сменет и наместо ограда да се постават спортски справи. Објасни и дека општина Долнени ќе кофинансирасо 62.000 денари како што беше договорено и претходно. Претседателот на советот Одлуакта ја сатви на гласање од кој сите 15 советника гласаа ЗА.
7. По однос на седмата точка од дневниот ред претседателот на советот ги прочита барањата кои беа доставени до советот на општина Долнени.
Барање од Месната заедница од с. Долнени кои бараат да се плати фактуратабр. 201/2022 во износ од 54.910 денари на име Ѓурчиноски Градба ДООЕЛ. Барање од семејството Петрески од Бело Поло во кое живее во исклучителнотешки услови, едно дете е во инвалидска количка а двете деца се со посебнипотреби. А нивната трочна куќа е во фаза на распаѓање. Советот донесезаклучок да им се додели 70.000 денари на име на Јасмина Петреска.Едногласно сите 15 советника гласаа ЗА.

З а п и с н и ч а р

Еркан Ајдароски

Претседател
на Советот на општина
Долнени

Хусеин Хасановиќ